СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА	07.04.2025 ГОДИНА БРОЈ 6 ГОДИНА 2025 КРИВОГАШТАНИ	Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019 Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ„ бр.5/02 и „Службен Весник на РСМ„ бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година

1. Се прогласува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 04.04.2025 година.

2. Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-508/2
07.04.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/02 и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/2011, 192/15, 209/18, 244/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 53/21, 77/2021, 150/21, 173/22 и 170/24) и член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 И 9/23) Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 04.04.2025 донесе :

О Д Л У К А

за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година , на следиот начин:

Потпрограма Потставка	САМОФИНАН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
Се зголемуваат приходите на следните поттставки :				
725939 Останати неданочни приходи	500.000	0	0	0
	500.000	**0**	**0**	**0**
И се распоредуваат на следните расходни потставки :				
V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ				
421110 Електрична енергија	200.000	0	0	0
423410 Прехрембени продукти и пијалоци	150.000	0	0	0
425990 Други договорни услуги	150.000	0	0	0
	500.000	**0**	**0**	**0**

Бр.08-485/3
04.04.2025 година
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ,, бр. 5 /02 и ,,Службен весник на РСМ,,бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК

за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.

1. Се прогласува Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г. што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 04.04.2025 година.

2. Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г. ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-508/3 Градоначалник на
07.04.2025 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член 22 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РСМ” бр.5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 04.04.2025 година, донесе:

Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.

Член 1

Со оваа одлука се врши дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 година бр.08-1365/7 од 24.12.2024 година и 08-108/3 од 29.01.2025 година и тоа:

-Во потточка 2.3 Урбанистички проекти се додава:

реден број 16 кој гласи:

,,Урбанистички проект за разработување на планираната површина за градба на ГП бр.9.8, дел од УП за село Пашино Рувци (Блок 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10), КП бр.1442/2 и 2431/2 КО Пашино Рувци, Општина Кривогаштани (Финансирано од барател).,,

Член 2

Годишната програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-485/4 Претседател на Совет на
04.04.2025 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ,, бр. 5 /02 и ,,Службен весник на РСМ,,бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК

за прогласување на Програма за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кривогаштани

1. Се прогласува Програмата за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 04.04.2025 година.

2. Програмата за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-508/4
07.04.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 80 од Законот за градење (Службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на РСМ 244/19, 18/20, 279/20, 227/20, 111/23, 115/23, 224/24 и 255/24), член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани(“Сл.гласник на Општина Кривогаштани” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23) Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 04.04.2025 година донесе:

ПРОГРАМА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ И СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа програма се утврдуваат критериумите и стандардите за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Кривогаштани и важи за период од 2025-2027 година.

Член 2

Урбана опрема може да се поставува во согласност со закон, прописите донесени врз основа на закон, критериумите и стандардите утврдени со оваа програма и условите, начинот и постапката утврдени со посебни прописи.

Урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Член 3

(1) Како **урбана опрема** согласно член 2 став 4 од Законот за градење се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

(2) Под **"јавна површина"** се подразбира простор кој во важечките акти за уредување на просторот е дефиниран и означен со регулациони линии, градежно земјиште кое е во општа употреба и воздушниот простор над него.

(3) Како јавни површини, во смисла на оваа одлука, се сметаат и неизградени површини кои се предвидени за градба, се до реализација на предвидената намена со актите за планирање на просторот.

(4) **Слободна проодна површина** е дел од јавната површина наменета исклучиво за движење на пешаци, на која не смее да се поставува урбана опрема.

Член 4

(1) Одредбите на оваа Програма се применуваат во управната постапка во која се решава за основаноста на барањето за поставување на урбана опрема на јавни површини.

(2) Одредбите на оваа програма не се однесуваат на дефинирани градежни парцели согласно детален урбанистички план.

2. ОПШТИ СТАНДАРДИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 5

(1) Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, не смее да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува или намалува естетскиот и

општиот изглед на околината, како и да се влијае на вредностите односно да се оштетува или уништува културното наследство.

(2) Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го нарушува или намалува естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава или непријатна миризба.

Член 6

(1) Поставување на урбана опрема се врши на начин што истата не смее да биде трајно прицврстена за облогата на нагазните јавни површини, а нејзиното поставување и отстранување треба да може да се изведе лесно, едноставно и без оштетување на подлогата.

(2) Угостителските и деловни објекти на подрачјето на Општина Кривогаштани може да постават урбана опрема, согласно издаденото Одобрение за поставување на урбана опрема донесено од Градоначалник на Општина Кривогаштани. На одобрената локација може да се постави дрвена платформа-подлога со максимална висина од 15cm, со соодветна изолација од долната страна. Исто така во одобрените граници за користење на јавна површина може да се постави метална, пластична, дрвена или стаклена ограда. Во тој случај задолжително е истата да биде прицврстена на дрвена платформа-подлога

Член 7

Урбаната опрема како и јавната површина врз која е поставена мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

Член 8

(1) При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

(2) При поставување на урбана опрема, не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

Член 9

(1) Минималната широчина на јавната површина- тротоари на сообраќајници на кои може да се постави урбана опрема, изнесува 3,2м.

(2) При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0.80 м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1.5м до 2,5м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).

(3) Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 2.8 м.

Член 10

(1) Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.

(2) Доколку во просторот околу деловниот објект има организирана јавна пешачка прометна површина на која може да се постави урбана опрема, истата може да излегува од границите на ширината и должината на објектот доколку местото каде што се поставува урбаната опрема претставува просторна целина, поставувањето не го попречува нормалното движење на пешаци и интервентни возила, ги исполнува пропишаните стандарди од оваа Програма и условите од други прописи.

Член 11

(1) При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м.

(2) Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м.

(3) Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Член 12

(1) Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0 м од пресечната точка на двете регулациони линии.

(2) Доколку пешачката површина е поголема од 5,0 м, во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5 м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

Член 13

При поставувањето на урбаната опрема, покрај стандардите утврдени со оваа Програма, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење, видот на дејноста која се врши и слично.

Член 14

(1) Низ пешачките улиците во централното подрачје, минималната широчина на слободната пешачка проодна површина, треба да изнесува од 1,5м до 2,5 м, во зависност од просторните услови утврдени при увидот на лице место.

(2) На плоштадите, пешачките улици во централното градско подрачје и други места каде за тоа постојат просторни услови, површина за поставување на отворени тераси за угостителска дејност ќе се утврдува согласно исполнети минимално технички услови, но не поголема од 6.оо м мерено од објектот према слободната јавна површина.

3. ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА

Член 15

Платформи

(1) Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

(2) Платформите се поставуваат на изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа Програма.

(3) Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја користел јавната површина.

Член 16

Информативни паноа

(1) Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на општина Кривогаштани, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

(2) Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

(3) Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл

Член 17

Телефонски говорници

(1) Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

(2) Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м х 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

Член 18

Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

Член 19

Паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините

Паркинзите во функција на објектите на органите на државната управа и на објекти на општините, ќе се поставуваат на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Со овој тип на поставување на урбана опрема се обезбедува паркинг просторот на постојната парцела. Сите предвидени локации за паркинзи во функција на објекти на органите на државната управа и на објекти на општините, ќе бидат соодветно означени во графички прилог, кој е составен ден на оваа Програма.

Член 20

Тераси, шанкови и настрешници

(1) Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположливата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.225/20) особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

(2) Не е дозволено затворање на урбаната опрема на летната тераса со најлони, стаклени прегради и сл. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

(3) На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

(4) Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси, столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

(5) Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

(6) Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

(7) Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали.

(8) Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

(9) Чадорите се со минималната слободна височина од 2.4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

Член 21

Тенди

(1) Тендите се типски - монтажни елементи конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот.

(2) При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси, минималната слободна височина изнесува 2.8м.

(3) Поставената и монтирана тенда смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

(4) Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Член 22

Настрешници

(1) Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина.

(2) При поставувње на настрешници минималната слободна височина изнесува 2.8м.

(3) Доколку се поставуваат настрешници, не се поставуваат други видови на заштита од атмосферски влијанија.

(4) Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од настрешницата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Член 23

Огради и жардињери

(1) Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, не смеат да бидат фиксно прицврстени за подлогата и не смеат да имаат висина поголема од 0,8 м.

(2) Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали, со високо естетско ниво и да се вклопуваат во амбиентот.

(3) Во пешачките зони жардињерите може да го уивичат одобрениот простор, доколку тоа го подобрува естетскиот изглед на целокупното опкружување.

Член 24

Самостоечките рекламни паноа

(1) Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини и во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ” бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09,161/09,36/11 и 51/11).

(2) Самостоечките рекламни паноа може да се постават со проект за поставување на урбана опрема.

Член 25

Опрема за забава на деца и детски игралишта

(1) Опремата за забава на деца може да се постави на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

(2) Опремата за забава на деца може да се постави со проект за поставување на урбана опрема, по претходно одобрување од страна на посебната Комисија формирана за таа цел од страна на Градоначалникот на Општина Кривогаштани.

Член 26

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци

(1) Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците. Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуават на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно ревидирана проектна документација за поставување на урбана опрема.

(2) Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х 1,2м за луѓето со хендикеп.

(3) Корпите за отпадоци може да бидат поставен како слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Член 27

Жардињери, граничници

(1) Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за поставување на урбана опрема од слободната проодна пешачка површина или од сообраќајницата.

(2) Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

(3) Поставувањето на овие елементи е во границите на одобрената јавна површина.

Член 28

(1) Составен дел на оваа Програма е Графичкиот прилог во кој се утврдени макролокации за одредени видови на урбана опрема, кои можат да се предвидат.

(2) Составен дел на оваа Програма е Графички прилог во кој се утврдени макролокациите за Автобуски постојки и стојалишта на Општина Кривогаштани.

(3) За сите други видови на урбана опрема, партерно уредување, автобуски стојалишта, јавни санитарни јазли и други, за кои ќе се појави потреба за поставување, дополнително ќе се утврдуваат макро и микролокации, врз основа на Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, ревидирана проектна документација и друга потребна документација, кои ќе бидат одобрувани од посебна Комисија формирана од Градоначалникот на Општината, за конкретната намена.

(4) Графичкиот прилог за микролокациските услови за поставување урбана опрема ќе биде дефиниран од страна на надлежното одделение кој ја води постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема, и ќе биде составен дел на одобрението.

4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

(1) Надзор над примената на оваа Програма врши надлежното одделение на Општина Кривогаштани, кое е должно да води и посебен Регистар на издадени одобренија за поставување на урбана опрема.

(2) Одредбите на оваа Програма не се однесуваат на утврдени градежни парцели, согласно детален урбанистички план, каде организацијата на просторот се врши согласно планска и проектна документација.

(3) Изменување и дополнување на оваа Програма се врши на начин како и што се донесува.

(4) Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кривогаштани”.

Бр.08-485/5
04.04.2025 година
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ,, бр. 5 /02 и ,,Службен весник на РСМ,,бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК

за прогласување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единици

1. Се прогласува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и

ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единици што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 04.04.2025 година.

2. Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единиќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-508/5
07.04.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02) и во врска со член 63 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (,,Службен весник на РСМ,, 32/20, 11/23, 171/24 и 224/24), на предлог на Градоначалникот на Општина Кривогаштани, Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 04.04.2025 година донесе:

ОДЛУКА
за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единици

Член 1

Со оваа одлука се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единици со површина на планскиот опфат и тоа ГП 3.1 4022 м² и ГП 3.2 376 м² изработено од "Студио Џон и Џони" ДОО подружница Скопје со тех.број 42/25 од Февруари 2025 година, при што се задржуваат параметрите на вкупно изградената површина за градење, намената на земјиштето и објектите, максималната височина и други параметри утврдени со урбанистичкиот план.

Член 2

Урбанистичкиот Проект се прикажува во текстуалниот и графичкиот приказ што претставува составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".



Бр.08-485/6
04.04.2025 година
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ,, бр. 5 /02 и ,,Службен весник на РСМ,,бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК

за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 04.04.2025 година.

2. Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-508/6 Градоначалник на
07.04.2025 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член 374 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Сл.весник на РМ" бр. 169/15; 226/15; 55/16; 11/18; 83/18; 191/18; и ,,Сл. Весник на РСМ,, бр. 98/19; 71/20; 302/20; 122/21; 33/24; 208/24), 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 04.04.2025 година донесе:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година

Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 04.04.2025 година ја разгледа Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година бр. 08-489/3 од 01.04.2025 г. и донесе заклучок за усвојување на истата.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-485/7 Претседател на Совет на
04.04.2025 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

ПРИЛОГ: Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година

СОДРЖИНА

на акти донесени на 63-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 04.04.2025 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани на ден 07.04.2025 г.

1.Заклучок за прогласување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година,.....1

- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година.....1

2. Заклучок за прогласување на Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.,.....2

- Годишна програма за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко-проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 г.,.....3

3. Заклучок за прогласување на Програма за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кривогаштани,.....4

- Програма за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кривогаштани,.....4

4. Заклучок за прогласување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единици,.....12

- Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 3 од Урбанистички План за село Кривогаштани, Блок 5, измени и дополнувања, Кривогаштани, општина Кривогаштани со кој се формираат две градежни парцели ГП 3.1 и ГП 3.2 со намена на градбата Б2-Големи трговски единици,.....13

5. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 г.....14

- Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 г.....15

ПРИЛОГ: - Годишна Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 г.

Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности
Тираж: 20 примероци